- numri i objekteve të ndërtuara ose objekteve në pronësi të personit juridik që do të paraqitet për pjesëmarrje në ankand publik varesisht nga dedikimi i tokës lëndë e shpalljes publike,

- numri i personave të punësuar te personi juridik që do të marre pjesë në ankand publik,

- numri i personave të cilët pas ndërtimit të objekteve do të punësohen,

- studimi fizibilitiv ose plani afarist,

- personi juridik të kuotojë në një nga bursat e njohura botërore,

- personi juridik të posedojë licencë adekuate, respektivisht franshizë,

- garancia bankare për seriozitetin e ofertës dhe/ose garancia bankare për ndërtim të objektit në pajtim me dedikimin në dokumentacionin e planit urbanistik dhe

- kushtet urbanistike arkitektonike për ndërtim të objekteve në zonë.

Член 16

(1) Комисијата по претходна согласност на Владата на Република Македонија може да изврши исправка на објавата најдоцна 15 дена пред истекот на последниот ден за поднесување на пријавата за учество на јавното наддавање наведен во објавата и истата се објавува во печатените весници во кои е објавена и објавата. Доколку до моментот на исправката се пријавиле лица за учество за јавно наддавање, Комисијата е должна да ги извести за исправката.

(2) Пред добивање на согласност од Владата на Република Македонија, Комисијата исправката на објавата ја доставува на мислење до единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа градежното земјиште предмет на отуѓување, која доставува мислење во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

Neni 16

(1) Komisioni me pëlqim paraprak të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë mund të kryeje korrigjim të shpalljes më së voni 15 dite para skadimit të ditës së fundit për paraqitjen e fletëparaqitjes për pjesëmarrje në ankandin publik të theksuar në shpallje dhe ajo publikohët në gazetat e shtypura në të cilat është publikuar edhe shpallja. Nëse deri në momentin e korrigjimit janë paraqitur persona për pjesëmarrje në ankand publik, Komisioni obligohet që t'i informojë për korrigjimin.

(2) Para marrjes së pëlqimit nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, Komisioni korrigjimin e shpalljes e dorëzon për mendim te njësia e vetadministrimit lokal në rajonin e së cilës gjendet toka ndërtimore lëndë e tjetërsimit, e cila dorëzon mendim në afat prej 15 ditësh nga pranimi i njoftimit.

Член 17

Учеството на јавното наддавање заинтересираните правни и физички лица го потврдуваат со поднесување на писмена пријава за учество на јавно наддавање во која се наведени податоците за градежното земјиште за кое се однесува пријавата, за подносителот на пријавата, како и за трансакциона или жиро сметка на која ќе биде вратен депозитот за учество на јавното наддавање.

Neni 17

Pjesëmarrjen në ankand publik, personat e interesuar juridike dhe fizike e konfirmojne me paraqitjen e fletëparaqitjes me shkrim për pjesëmarrje në ankand publik në të cilën shënohen të dhënat për tokën ndërtimore me të cilën ka të bëjë fleteparaqitja, për parashtruesin e fletëparaqitjes, si dhe për xhiro-llogarinë ose llogarinë e transaksionit në të cilën do të kthehet depozita për pjesëmarrje në ankand publik.

Член 18

(1) За секоја спроведена постапка за јавно наддавање, Комисијата е должна да изготви извештај и истиот потпишан од претседателот и членовите на Комисијата, го доставува до директорот на Агенцијата.

(2) Врз основа на извештајот од ставот (1) на овој член директорот на Агенцијата склучува договор за отуѓување на градежно земјиште со најповолниот понудувач од јавното наддавање.

(3) Од објавувањето на објавата, па се до моментот на започнување на јавното наддавање, Комисијата со заклучок може да ја запре постапката за јавно наддавање, доколку настанат непредвидени околности кои би го оневозможиле водењето на постапката за отуѓување сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање. Заклучок е

Neni 18

(1) Për çdo procedurë të realizuar për ankandin publik, Komisioni obligohet që të pergatise raport dhe të njejtin të nenshkruar nga kryetari dhe anëtarët e komisionit, ia dorëzon drejtorit të Angjencisë.

(2) Në bazë të raportit nga paragrafi (1) i këtij neni, drejtori i Angjencisë lidh marrëveshje për tjetërsim të tokës ndërtimore me ofertuesin më të volitshëm të ankandit publik.

(3) Nga publikimi i shpalljes, e deri në momentin e fillimit të ankandit publik, komisioni me konkluzion mund ta ndërprese procedurë për ankand publik, nëse krijohen rrethana të paparapara që do ta pamundesonin udheheqjen e procedurës për tjetërsimin e pronësisë së Republikës së Maqedonisë nepermjet ankandit publik. Konkluzioni është bazë për anulimin e shpalljes për të

основ за поништување на објавата за што директорот на Агенцијата по предлог на Комисијата донесува решение. Доколку објавата се поништи пред истекот на крајниот рок за доставување на пријавите за учество, Комисијата го објавува заклучокот во истите печатени медиуми во кои е објавена објавата.

(4) Доколку настанат непредвидени околности кои би го оневозможиле отуѓувањето на градежното земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање, од моментот на изборот на најповолен понудувач до моментот на склучување на договорот, Комисијата со заклучок ја запира постапката за отуѓување на градежното земјиште и директорот на Агенцијата на предлог на Комисијата донесува решение за поништување на објавата за што ги известува сите учесници на јавното наддавање, а извршената уплата на цената на земјиштето во целост му се враќа на најповолниот понудувач.

Член 19

(1) Пријавата за учество на јавното наддавање треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата на начин и во форма како што е предвидено во самата објава.

(2) Комисијата по приемот на пријавите од подносителите на пријавите, утврдува дали пријавите се доставени во определениот рок и дали истите се комплетирани во согласност со условите од објавата.

(3) Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од три дена од денот на поднесувањето на понуди, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

(4) Подносителите на пријави кои доставиле комплетирани пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање, се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничкото име и шифрата за учество

cilën drejtori i Angjencisë me propozim të Komisionit miraton aktvendim. Nëse shpallja anulohet para kalimit të afatit të fundit për dorëzimin e fletëparaqitjeve për pjesëmarrje, komisioni e shpall konkluzionin në mediat e njejta të shtypit në të cilat është publikuar shpallja.

(4) Nëse shkaktohen rrethana të paparapara që do ta pamundësonin tjetërsimin e tokës ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë me ankand publik, nga moment i zgjedhjes së ofertuesit më të volitshëm deri në momentin e lidhjes së marrëveshjes, komisioni me konkluzion e ndërpret procedurë për tjetërsim të tokës ndërtimore dhe drejtori i Angjencisë me propozim të Komisionit miraton aktvendim për anulimin e shpalljes, për të cilin i informon të gjithe pjesëmarresit e ankandit publik, ndërsa pagesa e kryer e çmimit të tokës plotësisht i kthehet ofertuesit më të volitshëm.

Neni 19

(1) Fleteparaqitja për pjesëmarrje në ankand publik duhet t'i permbaje të gjitha të dhënat dhe deshmite që janë përcaktuar në shpallje në mënyrën dhe formën siç është paraparë në shpallje.

(2) Komisioni pas pranimit të fletëparaqitjeve nga parashtruesit e fletëparaqitjeve, konstaton nëse fletëparaqitjet janë dorëzuar në afatin e caktuar dhe nëse ato janë të kompletuara në pajtim me kushtet e shpalljes.

(3) Komisioni i informon parashtruesit e fletëparaqitjeve për kompletimin e tyre në formë elektronike, në afat prej tri ditësh nga dita e parashtrimit të ofertave, me ç'rast parashtruesve të kerkesave që kanë dorëzuar dokumentaci-on të kompletuar ua dorëzon edhe emrin e shfrytëzuesit dhe shifren për pjesëmarrje në ankand publik, ndërsa parashtruesve të fletëparaqitjeve që nuk kanë dorëzuar dokumentacion të kompletuar u dorëzon njoftim me arsyetim se ata nuk do të marrin pjesë në ankandin publik.

(4) Parashtruesit e fletëparaqitjeve që kanë dorëzuar kerkesa të kompletuara për pjesëmarrje në ankand publik në pajtim me shpalljen, në ditën e mbajtjes së ankandit publik regjistrohen në internet faqen e theksuar në shpallje me emrin e shfrytëzuesit dhe shifren për pjesëmarrje në ankand publik, me ç'rast kanë të drejte të marrin pjesë në ankand publik.

на јавното наддавање, по што имаат право да учествуваат на јавното наддавање.

Член 20

(1) Учесници на јавното наддавање се подносителите на пријави кои доставиле комплетна документација и се регистрирале на интернет страницата наведена во објавата.

(2) Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја наддаде почетната цена.

Neni 20

(1) Pjesëmarres në ankand publik janë parashtruesit e fletëparaqitjeve që kanë dorëzuar dokumentacion të plote dhe janë regjistruar në internet faqen e theksuar në shpallje.

(2) Ankandi publik do të mbahet nëse pas publikimit është paraqitur qofte edhe vetëm një pjesëmarres që i plotëson kushtet e dhëna në shpallje dhe e jep çmimin fillestar.

Член 21

(1) Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање, во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

(2) Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за процент од 10%, одреден за трошоци на постапката, во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште.

Neni 21

(1) Depozita për pjesëmarrje në ankand i kthehet parashtruesit të fletëparaqitjes për pjesëmarrje në ankand publik, tërësisht në afat prej 15 ditësh nga dita e mbajtjes së ankandit publik.

(2) Depozita për pjesëmarrje në ankand publik ofertuesit më të volitshëm i kthehet e zvogëluar për 10%, e përcaktuar për harxhimet e procedurës, në afat prej 15 ditësh nga dita e pagesës së shumës së plote të arritur në ankandin publik për tjetërsim të tokës ndërtimore.

Член 22

(1) Јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена на земјиштето кое е предмет на објавата по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците во наддавањето.

(2) За успешно спроведена постапка на јавно наддавање, потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена по метар квадратен.

(3) Јавно наддавање не може да трае пократко од 15 минути. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање, од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

(4) Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

Neni 22

(1) Ankandi publik fillon me shpalljen e çmimit fillestar të tokës ndërtimore e cila është lëndë e shpalljes për një meter katror, ndërsa realizohet nepermjet ankandit nga pjesëmarresit në ankand.

(2) Për procedurë të realizuar me sukses të ankandit publik, është e nevojshme të këtë së paku një ankand gradual mbi çmimin fillestar për një meter katror.

(3) Ankandi publik nuk mund të zgjase më pak se 15 minuta. Ankandi publik konsiderohet i perfunduar në momentin e skadimit të kohës së përcaktuar në shpallje, me ç'rast nëse në skadimin e dy minutave të fundit nga koha e përcaktuar për kohëzgjatjen e ankandit publik nga pjesëmarresit është dhënë ofertë, afati i fundit për përfundimin e ankandit publik vazhdohet edhe për dy minuta, e do të perfundoje kur në periudhën prej dy minutash të ardhshme nuk ka ofertë të re të dhënë.

(4) Ankandi publik vazhdon pa kufi derisa në intervalin kohor prej dy minutash ka ofertë të re.

Член 23

(1) За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена по метар квадратен, која претставува највисока цена за отуѓување на градежното земјиште.

(2) Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

(3) Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на завршувањето на постапката за јавно наддавање е должен да ги уплати средствата од ставот (1) на овој член.

(4) Доколку најповолниот понудувач во рокот од ставот (3) на овој член не ги уплати средствата од ставот (1) на овој член, депозитот не му се враќа и нема да се пристапи кон склучување на договор.

Neni 23

(1) Ofertues më i volitshëm konsiderohet pjesëmarresi I ankandit publik që e ofron çmimin e fundit për një meter katror, i cili paraqet cmim më të larte për tjetërsimin e tokës ndërtimore.

(2) Komisioni pas përfundimit të ankandit publik përgatit procesverbal për zbatimin e ankandit publik dhe në formë elektronike e dorëzon te të gjithe pjesëmarresit e ankandit publik.

(3) Ofertuesi më i volitshëm në afat prej 15 ditësh nga dita e përfundimit të procedurës për ankand publik obligohet që t'i paguajë mjetët nga paragrafi (1) I këtij neni.

(4) Nëse ofertuesi më i volitshëm në afatin nga paragrafi (3) i këtij neni nuk i paguan mjetë nga paragrafi (1) i këtij neni, depozita nuk i kthehet dhe nuk do të lidhe marrëveshje.

Член 24

(1) За текот на јавното наддавање учесниците имаат право на приговор во рок од три дена од денот на одржувањето на јавното наддавање. Приговорот се поднесува во писмена форма до Комисијата која по однос на истиот доставува предлог до директорот на Агенцијата, кој врз основа на предлогот донесува решение во рок од пет работни дена.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член со кое се одлучува по поднесен приговор од ставот (1) на овој член, странката има право да поднесе тужба во рок од 30 дена од денот на приемот на решението до Управниот суд.

(3) Постапката за јавно наддавање завршува по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, доколку не е поднесен приговор.

(4) Постапката за јавно наддавање завршува по донесеното решение од ставот (1) на овој член.

Neni 24

(1) Gjatë ankandit publik pjesëmarresit kanë të drejte kundërshtimi në afat prej tri ditësh nga dita e mbajtjes së ankandit publik. Kundërshtimi parashtrohet me shkrim te komisioni i cili lidhur me të njejtin i dorëzon propozim drejtorit të Angjencisë, i cili në bazë të propozimit miraton aktvendim në afat prej pesë ditësh punë.

(2) Kundër aktvendimit nga paragrafit (1) i këtij neni me të cilin vendoset për kundërshtimin e parashtruar nga paragrafi (1) i këtij neni, pala ka të drejte të parashtroje padi në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit në Gjykaten Administrative.

(3) Procedura për ankand publik perfundon pas kalimit të afatit nga paragrafi (1) i këtij neni, nëse nuk është dorëzuar kundërshtim.

(4) Procedura për ankand publik perfundon pas aktvendimit të miratuar nga paragrafi (1) i këtij neni.

Член 25

(1) По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од пет работни дена по извршената уплата на цената за отуѓување на земјиштето, директорот на Агенцијата по претходна согласност на Владата на Република Македонија, склучува договор за отуѓување на градежно земјиште.

Neni 25

(1) Pas përfundimit të procedurës për ankand publik, me ofertuesin më të volitshëm, në afat prej pesë diteve të punës pas pagimit të kryer të çmimit për tjetërsimin e tokës, drejtori i Angjencisë me pëlqim paraprak të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë lidh marrëveshje për tjetërsimin e tokës ndërtimore.

(2) Договорот за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија се склучува во писмена форма.

(3) На договорот од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 26

(1) Договорот од членот 24 од овој закон особено содржи:

1) страни на договорот;
2) предмет на договорот:

- начин на отуѓување,
- конкретни податоци за предметното земјиште и
- основ на отуѓување на градежното земјиште;

3) висина на цената за отуѓување, како и рок на плаќање;
4) обврска на купувачот за плаќање на данок на промет и нотарски трошоци;
5) рок за прибавување на одобрение за градење согласно со членот 27 став (2) од овој закон;
6) рок за изградба на објектот согласно со роковите утврдени во овој закон и
7) договорна казна за непочитување на рокот од ставот (1) точка 5 и рокот од ставот (1) точка 6 на овој член во висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, односно 3% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5% од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот.

(2) Средствата од наплатата на договорната казна од ставот (1) точка 7 на овој член се приход на Агенцијата.

(3) Договорот кој не ги содржи елементите од ставот (1) на овој член е ништовен.

(2) Marrëveshja për tjetërsimin e tokës ndërtimore pronë e Republikës së Maqedonisë lidhet me shkrim.

(3) Për marrëveshjen nga paragrafi (1) i këtij neni në mënyrë perkatese zbatohen dispozitat e Ligjit për marrëdhënie obliguese.

Neni 26

(1) Marrëveshja nga neni 24 i këtij ligji i përmban veçanërisht:

1) palët e marrëveshjes;
2) lëndën e marrëveshjes:

- mënyrën e tjetërsimit,
- të dhëna konkrete për tokën në fjalë dhe

- bazën për tjetërsimin e tokës ndërtimore;

3) lartësine e çmimit për tjetërsim si dhe afatin e pagimit;
4) obligimin e blerësit për pagesë të tatimit mbi qarkullim dhe harxhimet e noterit;
5) afatin për marrjen e lejes për ndërtim në pajtim me nenin 27 paragrafin (2) të këtij ligji;
6) afatin e ndërtimit të objektit në pajtim me afatet e përcaktuara në këtë ligj dhe
7) denimin kontraktues për mosrespektimin e afatit nga paragrafi (1) pika 5 dhe afatit nga paragrafi (1) pika 6 të këtij neni në lartësi prej 1,5% nga çmimi i arritur i përgjithshem i ankandit publik të tokës në fjalë për çdo muaj të kaluar në vitin e parë pas kalimit të afatit, përkatësisht 3% nga çmimi i arritur i përgjithshem i ankandit publik të tokës në fjalë për çdo muaj të kaluar në vitin e dytë nga kalimi i afatit, përkatësisht 4,5 % nga çmimi i përgjithshem i arritur në ankandin publik të tokës në fjalë për çdo muaj të kaluar në vitin e tretë dhe çdo vit të ardhshem nga kalimi i afatit.

(2) Mjetët nga arkëtimi i denimit kontraktues nga paragrafi (1) pika 7 të këtij neni janë të hyra të Angjencisë.

(3) Marrëveshja që nuk i përmban elementet nga paragrafi (1) i kesaj marrëveshje është e pavlefshme.

Член 27

(1) По склучувањето на договорот од членот 25 од овој закон, корисникот на зоната во рок од 30 дена истите ги доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.

(2) Корисникот на зоната е должен да прибави одобрение за градење на предвидениот објект од надлежниот орган во рок од 12 месеци од извршената солемнизација на договорот и е должен земјиштето да го изгради согласно со условите во објавата во рок од 72 месеца од правосилноста на одобрението за градење.

(3) Неисполнување на обврската од ставот (1) на овој член по вина на купувачот, претставува основ за едностране раскинување на договорот при што 20% од вкупната сума од отуѓувањето, не се враќаат на купувачот.

Член 28

(1) На договорот за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија можат да се вршат измени и дополнувања со склучување на анекс на договор.

(2) Измени и дополнувања на договорите од ставот (1) на овој член можат да се вршат поради следниве причини:

- ако се настанати промени на предметот на договорот како последица на измена на урбанистичка планска документација, но не поради промена на намената и површината на градежната парцела за која е отуѓено градежното земјиште,
- поради отстранување на нови настанати околности (промена на број на катастарска парцела или промена на катастарска општина на земјиштето), во периодот од денот на склучување на договорот до денот на запишувањето на договорот во јавната книга за запишување на правата на недвижностите,
- статусна измена на корисникот на зоната,
- заради отстранување на грешки во податоците за описот на земјиштето кое е отуѓено и
- други непредвидени причини односно околности.

(3) Анекс на договорите од ставот (1) на овој член може да се склучи по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Neni 27

(1) Pas lidhjes së marrëveshjes nga neni 25 i këtij ligji, shfrytëzuesi i zonës në afat prej 30 ditësh të njejtat i dorëzon te noteri për kryerje të solemnizimit.

(2) Shfrytëzuesi i zonës obligohet që të marre leje për ndërtim të objektit të paraparë nga organi kompetent në afat prej 12 muajsh nga solemnizimi i kryer i marrëveshjes dhe obligohet që tokën ta ndërtoje në pajtim me kushtet në shpallje në afat prej 72 muajsh nga hyja në fuqi e lejes për ndërtim.

(3) Mosplotësimi i obligimit nga paragrafi (1) i këtij neni me fajin e blerësit, paraqet bazë për prishjen e njëanshme të marrëveshjes me ç'rast 20% nga shuma e përgjithshme e tjetërsimit nuk i kthehen blerësit.

Neni 28

(1) Në marrëveshje për tjetërsimin e tokës ndërtimore pronë e Republikës së Maqedonisë mund të kryhen ndryshime dhe plotësime me lidhjen e aneksit të marrëveshjes.

(2) Ndryshimet dhe plotësimet e marrëveshjes nga paragrafi (1) i këtij neni mund të kryhen për keto shkaqe:

- nëse shkaktohen ndryshime të lëndës së marrëveshjes si pasoje e ndryshimit të dokumentacionit të planit urbanistik, por jo për shkak ndryshimit të dedikimit dhe sipërfaqes së parcelës ndërtimore për të cilën është tjetërsuar toka ndërtimore,
- për shkak të menjanimit të rrethanave të reja të shkaktuara (ndryshimi në numrin e parcelës së kadastres ose ndryshimi i komunës kadastrale të tokës), në periudhën nga dita e lidhjes së marrëveshjes deri në diten e regjistrimit të marrëveshjes në librin publik për regjistrimin e të drejtave të patundshmerive,
- ndryshim i statusit të shfrytëzuesit të zonës,
- për menjanimin e gabimeve në të dhënat për përshkrimin e tokës që është tjetërsuar dhe
- shkaqe përkatësisht rrethana tjera të paparapara.

(3) Aneksi i marrëveshjeve nga paragrafi (1) i këtij neni mund të lidhet me pëlqimin paraprak të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë.

Член 29

Средствата од отуѓувањето на градежното земјиште сопственост на Република Македонија се приход на Агенцијата и истите можат да се користат само наменски за потребите за турист. развојни зони.

Neni 29

Mjetët për tjetërsimin e tokës ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë janë të hyra të Angjencisë dhe të njejtat mund të shfrytëzohen vetëm për dedikime për nevojat e zonave zhvillimore turistike.

Член 30

Уредувањето на градежното земјиште до зоната (изградба на објекти на комунална инфрструктура, заради обезбедување на непречен пристап до зоната, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација) се врши од страна на единиците на локалната самоуправа и/или Владата на Република Македонија, а во рамките на зоната од страна на корисникот на зоната.

Neni 30

Rregullimi i tokës ndërtimore deri në zonë (ndërtimi I objekteve të infrastruktures komunale për sigurim të qasjes papengesë në zonë, vendosja e ujesjellesit, kanalizimit fekal dhe atmosferik dhe instalimit tjetër) behet nga njësitë e vetadministrimit lokal dhe/ose Qeveria e Republikës së Maqedonisë, e në kuadër të zonës nga shfrytëzuesi i zonës.

Член 31

(1) Надлежен орган за издавање на одобренија за градење за туристичката развојна зона, како и на градбите во зоната е Министерството за транспорт и врски.

(2) Пред издавање на одобрението за градење надлежниот орган за издавање на одобрението за градење доставува писмено известување до единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се предвидува формирање на туристичка развојна зона.

(3) Единицата на локалната самоуправа во рок од 15 дена од приемот за известувањето од ставот (2) на овој член доставува мислење до надлежниот орган за издавање на одобрение за градење.

(4) Постапката за издавање на одобрение за градење се спроведува согласно со Законот за градење.

Neni 31

(1) Organi kompetent për lëshimin e lejeve për ndërtim të zonës zhvillimore turistike si dhe ndërtimet në zonë është Ministria e Transportit dhe Lidhjeve.

(2) Para lëshimit të lejes për ndërtim, organi kompetent për lëshimin e lejes për ndërtim dorëzon njoftim me shkrim te njësia e vetadministrimit lokal në rajonin e së cilës parashihet formimi i zonës zhvillimore turistike.

(3) Njësia e vetadministrimit lokal në afat prej 15 ditësh pas pranimit të njoftimit nga paragrafi (2) i këtij neni, dorëzon mendim te organi kompetent për lëshimin e lejes për ndërtim.

(4) Procedura për lëshimin e lejes për ndërtim zbatohet në pajtim me Ligjin për ndërtim.

Дел петти

НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕЛОТ ОСНОВАЊЕ, РАЗВОЈ И СЛЕДЕЊЕ НА ЗОНИТЕ

Pjesa e pestë

KOMPETENCAT E ANGJENCISË PËR PROMOVIM DHE PËRKRAHJE TË TURIZMIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË NË PJESËN E THEMELIMIT, ZHVILLIMIT DHE NDJEKJES SË ZONAVE

Член 32

(1) Работите сврзани со формирањето, развојот и следењето на зоните ги врши Агенцијата.

(2) Агенцијата ги врши следниве работи:

Neni 32

(1) Punët e lidhura me formimin, zhvillimin dhe ndjekjen e zonave i kryen Agjencia.

(2) Agjencia i kryen punët si vijojnë:

1) развој на зоните и обезбедување на услови за користење на просторот;

2) анализа на локацијата и обезбедува услови за планирање на истата;

3) ги промовира и рекламира зоните и остварува односи со јавноста;

4) привлекува корисници на зоната;

5) води евиденција на дејностите во просторот на зоната;

6) остварува соработка со органите на државната управа, општината во којашто се основа туристичката развојна зона, јавните претпријатија и трговските друштва поврзани со зоната и тоа при обезбедување на согласности, одобренија, дозволи, односно сертификати утврдени со посебни закони потребни за изградба на објекти во зоната;

7) обезбедува средства и врши исплати по однос на спроведена постапка за експропријација, процена за насади, посеви, огради и вложувања на парцелите до и во зоната, а за потребите на зоната согласно со одредбите од Законот за експропријација и согласно со одобрена планска документација, проект за инфраструктура и друга соодветна техничка документација;

8) ја следи реализацијата на договорот за државна помош и по потреба предлага мерки до Владата на Република Македонија;

9) води евиденција за доделената државна помош и во име на давателот, односно давателите на државна помош подготвува годишен извештај и го доставува до Комисијата за заштита на конкуренција еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година;

10) го известува даночниот орган за одлуката на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста и висината на доделената државна помош во вид на даночно олеснување, како и за извештајот со кој се потврдува дека инвестициите и новоотворените работни места се одржани и по истекот на секоја година во рамките на периодот од 10 последователни години утврдени со членот 5 од овој закон, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година;

11) склучува договор за отуѓување на градежното земјиште по претходна согласност од страна на Владата на Република Македонија;

1) zhvillimin e zonave dhe sigurimin e kushteve për shfrytezimin e hapesires;

2) kryen analiza të lokacionit dhe siguron kushte për planifikimin e tij;

3) i promovon dhe reklamon zonat dhe realizon marredhënie me publikun;

4) tërheq shfrytëzues të zonës;

5) mban evidencë të veprimtarive në hapësirën e zonës;

6) realizon bashkepunim me organet e administratës shtetërore, komunën në të cilën themelohet zona zhvillimore turistike, ndërmarrjet publike dhe shoqerite tregtare të lidhura me zonën, gjatë sigurimit të pëlqimeve, lejeve përkatësisht certifikatave të përcaktuara me ligje të posacme tënevojshme për ndërtimin e objekteve në zonë;

7) siguron mjetë dhe bën pagesa lidhur me procedurë e realizuar për shpronësim, vlerësim për mbeltime, mbjellje, rrethoja dhe investime në parcela deri në zonë dhe në zonë, e për nevojat e zonës

në pajtim me dispozitat e Ligjit për shpronësim dhe në pajtim me dokumentacionin e miratuar të planit, projektit për infrastrukture dhe dokumentacionit tjetër perkates;

8) e percjell realizimin e marrëveshjes për ndihmë shtetërore dhe sipas nevojes propozon masa në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë;

9) mban evidencë për ndihmën e ndarë shtetërore dhenë emër të dhënësit, përkatësisht dhënësve të ndihmës shtetërore përgatit raport vjetor dhe e dorëzon në Komisionin për Mbrojtje të Konkurrences një here në vit, më së voni deri më 31 mars në vitin rrjedhes, për vitin paraprak;

10) e informon organin tatimor për vendimin e Komisionit për Mbrojtje të Konkurrences për kompatibilitetin dhe lartësine e ndihmës së ndarë shtetërore në formë të lehtesimit tatimor, si dhe për raportin me të cilin vertetohet se investimet dhe vendet e reja të punës janë mbajtur edhe pas skadimit të çdo viti në kuadër të periudhës 10 vjecare radhazi të përcaktuara me nenin 5 të këtij ligji, më së voni deri më 31 mars në vitin rrjedhes për vitin paraprak.

11) lidh marrëveshje për tjetërsimin e tokës ndërtimore me pëlqim paraprak nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë;

12) надзор на реализацијата на договорот за отуѓување на градежното земјиште во рамките на зоната;

13) води евиденција на склучените договори за отуѓување на градежно земјиште во рамките на зоната и

14) други работи поврзани со функционирањето на зоната.

12) kryen mbikëqyrje për realizimin e marrëveshjes për tjetërsimin e tokës ndërtimore në kuadër të zonës;

13) mban evidencë të marrëveshjeve të lidhura për tjetërsimin e tokës ndërtimore në kuadër të zonës dhe

14) kryen edhe punë të tjera të lidhura me funksionimine zonës.

Дел шести

ДРУГИ ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА ЗОНАТА

Извештај за работењето на туристичка развојна зона

Pjesa e gjashtë

OBLIGIME TJERA TË SHFRYTËZUESIT TË ZONËS

Raport për punën e zonës zhvillimore turistike

Член 33

(1) Корисникот на зоната е должен на Агенцијата да и достави извештај за неговото работење во зоната за претходната година најдоцна до 31 март во тековната година (во натамошниот текст: годишен извештај).

(2) Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) обемот на услугите остварени во зоната, квантитативно и вредносно;

2) бројот на странски и домашни туристи и тоа по држави и градови;

3) остварениот приход и/или обрт и

4) бројот на остварените вработувања во извештајниот период по квалификациона структура.

(3) Формата и содржината на извештајот ги пропишува Агенцијата.

(4) Агенцијата е должна да достави опомена до корисникот на зоната најдоцна 15 дена пред истекот на рокот за доставување на извештајот од ставот (1) на овој член.

(5) Корисникот на зоната е должен на надлежните органи да им овозможи право на вршење на соодветен надзор.

Neni 33

(1) Shfrytëzuesi i zonës është i obliguar që në Agjenci të dorëzojë raport për punën e tij në zonë për vitin paraprakmë së voni deri më 31 mars në vitin rrjedhes (në tekstin emëtejmë: raport vjetor).

(2) Raporti vjetor përmban të dhëna veçanërisht, për:

1) vëllimin e shërbimeve të realizuara në zonë, kuantitative dhe sipas vlerës;

2) numrin e turisteve të huaj dhe vendas, sipas shtetëvedhe qytetëve;

3) të hyrat ose qarkullimin e realizuar dhe

4) numrin e punësimeve të realizuara në periudhën raportuese, sipas struktures së kualifikimit.

(3) Formën dhe permbajtjen e raportit i përcakton Agjencia.

(4) Agjencia obligohet që të dorëzojë verejtje për shfrytëzuesin e zonës më së voni 15 dite para kalimit të afatit të dorëzimit të raportit nga paragrafi (1) i këtij neni.

(5) Shfrytëzuesi i zonës obligohet që organeve kompetente t'ua mundësojë të drejtën e kryerjes së mbikëqyrjes përkatëse.

Дел седми

ДЕЈНОСТИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВРШАТ ВО ТУРИСТИЧКА РАЗВОЈНА ЗОНА И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА НИВНО ВРШЕЊЕ

Дејности што се вршат во туристичка развојна зона

Член 34

(1) Во зоната се вршат дејности и други работи исклучиво за потребите на работењето на зоните, а можат да се градат градби со намена А4, Б1, Б2, Б3, Б5, Б6 и Д3 согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

(2) Дејностите во зоната се вршат под следниве услови:

1) деловниот потфат да е во согласност со приложената физибилити студија или деловен план, доколку истите биле предвидени со објавата;

2) работењето да не ја загрозува јавната безбедност, животната средина и здравјето на луѓето во зоната и

3) корисникот на зоната да ги осигура основните средства и вработените од ризици кои произлегуваат од работењето.

(3) Во зоната не смее да се врши активност поврзана со:

1) услуги кои потекнуваат од држави или претпријатија кои се предмет на ембарга и блокади согласно со актите на меѓународни владини организации и држави;

2) услуги кои ги загрозуваат јавниот морал , јавната безбедност и одбраната и

3) услуги кои не се во согласност со законите на Република Македонија и на меѓународните договори ратификувани од Република Македонија кои се однесуваат на заштитата на интелектуалната и индустриската сопственост.

Pjesa e shtatë

VEPRIMTARI QË MUND TË KRYHEN NË ZONA ZHVILLIMORE TURISTIKE DHE KUSHTE TË POSACME PËR KRYERJEN E TYRE

Veprimtari që kryhen në zona zhvillimore turistike

Neni 34

(1) Në zonë kryhen veprimtari dhe punë tjera vetëm për nevojat e punës në zona, e mund të ndërtohen ndërtime me dedikim A4, B1, B2, B3, B5, B6 dhe D3 në pajtim me Rregulloren për standarde dhe normativa për planifikim urbanistik.

(2) Veprimtaritë në zonë kryhen në kushte si vijojnë:

1) puna e ndërmarre të jetë në pajtim me studimin fizibilitiv ose planin afarist të parashtruar nëse ato janë të parapara me shpallje;

2) puna të mos e rrezikoje sigurinë publike, mjedisin jetësor dhe shendetin e njerezve në zonë dhe

3) shfrytëzuesi i zonës t'i siguroje mjetët bazë dhe të punësuarit nga rreziqe që dalin nga puna.

(3) Në zonë nuk guxon të kryhet aktivitet lidhur me:

1) shërbimet që rrjedhin nga shteti ose ndërmarrjet të cilat janë lëndë e embargove dhe bllokimeve në pajtim me aktet e organizatave ndërkombëtare qeveritare dhe shtetëve;

2) shërbime që e rrezikojnë moralin publik, sigurinë publike dhe mbrojtjen dhe

3) shërbime që nuk janë në pajtim me ligjet e Republikës së Maqedonisë dhe marrëveshjet ndërkombëtare të ratifikuara nga Republika e Maqedonisë që kanë të bëjnë me mbrojtjen e pronësisë Intelektuale dhe industriale.

Примена на закони, договор за надминување на разликите и работни односи

Член 35

(1) Споровите меѓу корисниците во зоната, меѓу корисниците и Агенцијата се решаваат во согласност со законите на Република Македонија.

(2) Работните односи меѓу работодавачите и вработените во зоната се уредуваат согласно со Законот за работните односи и колективен договор.

Zbatimi i ligjeve, marrëveshjes për tejkalim të dallimeve dhe marredhënie të punës

Neni 35

(1) Kontestet mes shfrytëzuesve në zonë, mes shfrytëzuesve dhe Angjencisë zgjidhen në pajtim me ligjet e Republikës së Maqedonisë.

(2) Marredhëniet e punës mes punëdhënësve dhe të punësuarve në zonë, rregullohen në pajtim me Ligjin për marredhënie punë dhe marrëveshje kolektive.

Дел осми

НАДЗОР

Член 36

(1) Управен надзор врз законитоста на работењето на корисниците на туристичките развојни зони врши Агенцијата.

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член го вршат овластени лица вработени во Агенцијата.

(3) Овластените лица самостојно ги вршат работите на надзор и преземаат мерки за кои се овластени со овој или со друг закон.

(4) Овластувањето за вршење на надзор овластеното лице го докажува со соодветен документ и истиот е должен да го покаже при вршењето на надзор, а на барање на контролираниот субјект да му дозволи да го разгледа.

(5) Надзорот се врши без претходна најава, во време кога контролираниот субјект ги извршува своите активности, самостојно или по претходна пријава од страна на корисниците на туристичката развојна зона.

(6) Овластените лица го вршат надзорот ефикасно, водејќи сметка за заштита на јавниот интерес и до степен колку што е тоа можно за заштита на интересот на контролираниот субјект.

(7) Лицата од ставот (2) на овој член се овластени да:

1) вршат надзор во деловните постории на контролираниот субјект;

2) проверува идентификациони документи на лица поради потврдување на нивниот идентитет;

3) бараат од контролираниот субјект или од неговите вработени писмено или усно објаснување во врска со прашања од делокругот на надзор;

Pjesa e tetë

MBIKËQYRJA

Neni 36

(1) Mbikëqyrje administrative mbi ligjshmerine e punës së shfrytëzuesve të zonave zhvillimore turistike, kryen Agjencia.

(2) Mbikëqyrjen nga paragrafi (1) i këtij neni e kryejne persona të autorizuar të punësuar në Agjenci.

(3) Personat e autorizuar në mënyrë të pavarur i kryejne punët e mbikëqyrjes dhe marrin masa për të cilat janë të autorizuar me këtë ligj dhe me ligj tjetër.

(4) Autorizimin për kryerjen e mbikëqyrjes personi i autorizuar e deshmon me dokument perkates dhe të njejtin është i obliguar që ta tregoje gjatë kryerjes së mbikëqyrjes, e me kërkesë të subjektit të kontrolluar, t'i lejoje ta shqyrtoje.

(5) Mbikëqyrja kryhet pa paralajmerim paraprak, në kohë kur subjekti i kontrolluar i kryen aktivitetët e veta, në mënyrë të pavarur ose me kërkesë paraprake nga shfrytëzuesit e zonës zhvillimore turistike.

(6) Personat e autorizuar e kryejne mbikëqyrjen me efikasitet, duke mbajtur llogari për mbrojtje të interesit publik dhe deri në shkallën aq sa kjo është e mundur për mbrojtjen e interësit të subjektit të kontrolluar.

(7) Personat nga paragrafi (2) të këtij neni janë të autorizuar që të:

1) kryejne mbikëqyrje në lokalet afariste të subjektit të kontrolluar,

2) kontrollojne dokumente të identifikimit të personavepër përcaktimin e identitetit të tyre,

3) kërkojnë nga subjekti i kontrolluar ose të punësuarite tij sqarim me shkrim ose me goje lidhur me ceshtjet nga fusheveprimi i mbikëqyrjes,

4) бараат стручно мислење кога е тоа потребно за надзор и

5) обезбедуваат други потребни докази.

(8) Доколку е оправдано потребно да се одземат или привремено да се чуваат документите овластените лица можат:

1) да побараат од контролираниот субјект или од лице вработено кај истото што има овластување за тоа, да отвори и дозволи пристап во која било просторија и

2) да побара од кое било лице кое има овластување за тоа да обезбеди пристап до кое било досие и простории.

(9) Идентичноста на копијата со оригиналот на документите, доказите и информациите ја потврдува контролираниот субјект со свој печат и потпис или неговиот вработен со потпис.

(10) Контролираниот субјект е должен да соработува и на барање на овластеното лице за вршење надзор да му овозможи непречен пристап до просториите, документите, електронските системи или кое било друго средство предмет на надзор, како и да ја достави целокупната документација потребна за извршување на надзорот.

(11) Овластените лица од ставот (2) на овој член ги определува директорот на Агенцијата.

4) kërkojnë mendim profesional kur kjo është e nevojshme për mbikëqyrje dhe

5) sigurojne prova tjera të nevojshme.

(8) Nëse në mënyrë të arsyeshme është e nevojshme që të merren ose përkohësisht të ruhen dokumentet, personat eautorizuar mund të:

1) kërkojnë nga subjekti i kontrolluar ose nga personi ipunësuar te ai që ka autorizim për këtë, që ta hape cilindolokal dhe të lejoje qasje në cilindo lokal dhe

2) të kërkojë nga cilido person që ka autorizim për këtë që të siguroje qasje te cilatdo dosje dhe lokale.

(9) Autenticitetin e kopjes me origjinalin e dokumenteve, deshmive dhe informative e konfirmon subjekti i kontrolluar me vulen dhe nenshkrimin e tij ose i punësuari i time nenshkrim.

(10) Subjekti i kontrolluar obligohet që të bashkepunoje edhe me kërkesën e personit të autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes t'i mundësojë qasje pa pengesë në lokalet, dokumentet, sistemet elektronike ose çdo lloj mjeti tjetër lëndë e mbikëqyrjes, si dhe ta dorëzojë dokumentacionin e plote të nevojshem për kryerjen e mbikëqyrjes.

(11) Personat e autorizuar nga paragrafi (2) i këtij nenii përcakton drejtori i angjencisë.

Дел деветти

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 37

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице - корисник на зона, кое нема да поднесе извештај за работењето во форма, содржина и рок согласно со членот 21 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на правното лице - корисник на зона за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичкото лице - корисник на зона за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Pjesa e nëntë

DISPOZITA KUNDËRVAJTESE

Neni 37

(1) Gjobë në shumë prej 4 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtjepersonit juridik - shfrytëzues i zonës, i cili nuk dorëzon raport të punës në formë, permbajtje dhe afat në pajtim me nenin 21 të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit pergjegjes te personi juridik –shfrytëzues I zonës për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik - shfrytëzues i zonës për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni.

Член 38

За прекршокот предвиден во членот 37 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Постапка за порамнување

Член 39

(1) За прекршоците предвидени во членот 37 од овој закон, овластените лица за вршење надзор се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(2) Овластените лица за вршење надзор составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

(3) Во записникот се определува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.

(4) Овластените лица за надзор во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот му дава платен налог.

(5) Се смета дека сторителот на прекршокот со потпис на прием на платниот налог се согласува да ја плати глобата.

(6) Сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на платниот налог на сметката означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во тој рок ќе плати само половина од изречената глоба. Поуката за тоа право е дел од правната поука на платниот налог.

(7) Во постапката која ќе заврши со издавање на платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

(8) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот предвиден во ставот (6) на овој член, овластените лица за вршење надзор ќе поднесат барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд.

(9) Овластените лица за вршење надзор се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

Neni 38

Për kundërvajtjen e paraparë në nenin 37 të këtij ligji, procedurë për kundërvajtje mban edhe sanksion për kundërvajtje shqipton gjykata kompetente.

Procedura për barazim

Neni 39

(1) Për kundërvajtjet e parapara në nenin 37 të këtij ligji, personat e autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes obligohen që kryerësit të kundërvajtjes t'i propozojne procedurë për barazim para se të parashtrojne kërkesë për procedurë kundërvajtese.

(2) Personat e autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes perpilojne procesverbal në të cilin shënohen elementet erëndësishme të kundërvajtjes, koha, vendi dhe mënyra e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimi i veprimit të kundërvajtjes dhe personat e hasur aty për aty.

(3) Në procesverbal përcaktohen mënyra në të cilën dotë menjanohen pasojat e demshme nga kundërvajtja, si dhemënyra e tejkalimit të pasojave nga kryerja e kundërvajtjes.

(4) Personat e autorizuar për mbikëqyrje në procedurës për barazim, kryerësit të kundërvajtjes i japin urdhërpagesë.

(5) Konsiderohet se kryerësi i kundërvajtjes me nenshkrim të pranimit të urdherpagesës pajtohet që ta paguajë gjobën.

(6) Kryerësi i kundërvajtjes obligohet që ta paguajë gjobën në afat prej tetë ditësh nga pranimi i urdherpagesës në llogarinë e shenuar në urdherpagesë. Kryerësi i cili do ta paguajë gjobën në këtë afat do të paguajë vetëm gjysmen e gjobës së shqiptuar. Këshilla për këtë të drejte është pjesë e këshillës juridike të urdhërpagesës.

(7) Në procedurën që do të perfundoje me lëshimin e urdherpagesës nuk paguhen harxhimet e procedurës.

(8) Nëse kryerësi nuk e paguan gjobën në afatin e paraparë në paragrafin (6) të këtij neni, personat e autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes do të parashtrojnë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje në gjykatën kompetente.

(9) Personat e autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes obligohen që të mbajnë evidencë për

procedurat e ngritura për barazim dhe për rezultatin e tyre.

Дел десетти

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Донесување на поблиски прописи

Член 40

Подзаконските акти, предвидени во овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Влегување во сила

Член 41

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Pjesa e dhjetë

DISPOZITA KALIMTARE DHE TË FUNDIT

Miratimi i dispozitave më të afërta

Neni 40

Aktet nenligjore, të parapara në këtë ligj, do të miratohen në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Hyrja në fuqi

Neni 41

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".